Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Империал со седиште на ул. Партизанска бр.15 - Струга ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

### Образложение

ТДТТУ АЛУШИ АБА ДООЕЛ Струга, поднесе барање бр.УП1 13-657 од 1.8.2019 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Империал со седиште на ул.Партизанска бр.15 – Струга, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект и констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 45-9989/1-19**
**10 февруари 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**